АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-4316/2
07.06.2022 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 127 -ма редовна седница одржана на ден 07.06.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнувања на Додатокот за осигурување тешки болести**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Додатокот за осигурување на тешки болести, и тоа:

1. **Во членот 3:**

**1.1.** во ставот (3), точка 12, по зборот „лекување“ се додаваат зборовите „ или радиотерапија“;

**1.2.** во ставот (4), зборот „према“ се заменува со зборот „според“;

2. **Во членот 4,** ставот (3), во целост се брише;

3. **Се додава нов член број 6,** со наслов „Корисник на осигурувањето“ и следниот текст и содржина:

„(1) Корисник на осигурената сума за тешка болест е осигуреникот лично и ова право не се пренесува ниту наследува.

(2) По исклучок од претходниот став, побарувањето на осигурената сума за тешка болест преминува на наследникот, само ако е признаено со писмена спогодба или со правосилна одлука пред смртта на осигуреникот.“

4. **Членот „6“** станува член „7“.

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Додатокот за осигурување тешки болести.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од истиот ден.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*